ИНГРА

Скопје
ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје-Карпош
моб. +38978299173

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

**ЛОКАЦИЈА:**
**КО МАК.КАМЕНИЦА, ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

**Тех.бр. 91/22**

ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Септември, 2023

Ana Gjorgjievska
Digitally signed by Ana Gjorgjievska
DN: c=MK, ou=VAT - 4030996145132, 2.5.4.97=NTRMK-5106745, o=INGRA DOOEL Skopje, serialNumber=179247, title=rabotnik, sn=Gjorgjievska, givenName=Ana, cn=Ana Gjorgjievska
Date: 2023.09.12 13:38:08 +02'00'

Anche Dimitrievska Tolevska
Digitally signed by Anche Dimitrievska Tolevska
Date: 2023.09.12 01:22:12 +02'00'

| | |
|---|---|
| Место: | КО МАК.КАМЕНИЦА, ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА |
| Договорен орган : | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СЕКТОРОТ ЗА ЦЕНТРАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ (CFCD) |
| Корисник**:** | МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПШТИНА МАК.КАМЕНИЦА |
| Имплементатор: | ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ |
| Предмет: | Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македонска Каменица |
| Извршител: | |
| Адреса: | ИНГРА ДООЕЛ Скопје<br>ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје - Оптина Карпош |
| Е-маил: | ingra.inzenering@gmail.com |
| Работен тим: | Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластувањебр:0.0102*<br>Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластувањебр:0.0430* |
| Фаза: | Урбанистички Проект |
| Технички број: | 91/22 |
| Датумна изработка: | Септември, 2023 |

РАБОТЕН ТИМ:

*1.* Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластувањебр:0.0102*
*2.* Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430*

Управител:

Ана Ѓорѓиевска, диа

Број: 0805-50/150020220144620

Датум и време: 3.6.2022 г. 12:06:42

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 03.06.2022 во 12:06:51
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 5106745 |
| **Целосен назив:** | Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| **Кратко име:** | ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| **Седиште:** | СКУПИ ЗА бр.40 А СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 10.2.1996 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4030996145132 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 5.305,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.305,00 |
| **Вкупно основна главнина EUR:** | 5.305,00 |

| СОПСТВЕНИЦИ | |
|---|---|
| **Име и презиме/Назив:** | АНА ЃОРЃИЕВСКА |
| **Адреса:** | БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Содружник |
| **Паричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 5.305,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.305,00 |
| **Вкупен влог EUR:** | 5.305,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

| ОВЛАСТУВАЊА | |
|---|---|
| **Овластени лица** | |
| **Име и презиме:** | АНА ЃОРЃИЕВСКА |
| **Адреса:** | БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | управител, дипломиран архитект |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | ingra@t-home.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

# Л И Ц Е Н Ц А

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**на**

**Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје**
**Скупи ЗА бр.40 А Скопје-Карпош, Карпош**
**ЕМБС: 5106745**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: 14.03.2024 година**

**Број: 0096**
**24.07.2019 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

Врз основа на Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 32/20 и 111/23), а во врска со изработка на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македонска Каменица**, ИНГРА ДООЕЛ Скопје го издава следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македонска Каменица, со технички број 91/22, како изработувачи се назначуваат:

Планер потписник :

- Анче Димитриевска Толевска, диа.

Планер:

- Ана Ѓорѓиевска, диа.

Планерите се должни Урбанистичкиот Проект да го изработат согласно Законот за Урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, бр. 32/20 111/23), како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

**Управител,**
Ана Ѓорѓиевска,диа.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## АНЧЕ ДИМИТРИЕВСКА ТОЛЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0102**

Издадено на: 28.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## АНА ЃОРЃИЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0430

Издадено на: 14.12.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македонска Каменица

## ВОВЕД

Предмет на оваа проектна програма е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македонска Каменица која е дел од Проектот ИПА 2 „Затворање на депонии и депонии кои не се усогласени во источниот регион“ (ЛОТ1). Оваа депонија се предвидува за целосно затварање.

Локација е определена на местото на постоечката нестандардна депонија Македонска Каменица која е лоцирана на јужната страна од градот на растојание 3km од центарот на градот, на локацијата наречена Каменски рид, покрај регионалниот пат Македонска Каменица – Делчево. Пристапот до депонијата е по асфалтен пат. Депонијата е поставена на природна косина, каде ножицата на депонираниот отпад завршува на растојание од 1200m од Калиманско Езеро. Населението кое се опслужува со оваа депонија е околу 6000 жители. Според МЖСПП, оваа депонија е оценета како депонија со среден ризик.

Проектната програма треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во, Општина Македонска Каменица , каде ќе се направи:

- Реобликување на депониското тело;
- Проектирање и изведба на систем за површинско заптивање;
- Пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас;
- Проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело;
- Хидросеење на трева;
- Изведба на ограда околу депонијата со влезна порта.
- Заполнување и сеење на трева на локациите на 3-те мали диви депонии.

Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во, Општина Македонска Каменица се изработува врз основа на услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија со тех.бр. Y43722 од декември 2022 година и претходно издадените услови за планирање на просторот за изработка на ГУП за Македонска Каменица со тех.бр. Y22114 од јули 2014година , а ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на депонијата во рамките на локалитетот.

## 1. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на изработка Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Македоснка Каменица, зафаќа дел од следните КП:

КП 2630, КП 2631, КП 2627/1, КП 2629, КП 2626, КП 2625/2 и КП 2989/2

И целосно ја зафаќа КП 2628/2.

Со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Македонска Каменица и административно припаѓа на Општина Македонска Каменица.

Границите на проектниот опфат се следните:

На северо исток зафаќа дел од КП 2631. Кон југозапад зафаќа дел од КП 2630, КП 2627/1, КП 2626 и КП 2989/2. Јужно зафаќа дел од КП 2625/2 и целосно ја зафаќа КП 2628/2 додека на исток зафаќа дел од КП 2629 и се граничи со КП 2632.

Границата на опфатот формира површина од околу 12051,56 м$^2$ (1,20 ха),

## 2. СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во опфатот кој е предмет на Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во , Општина Македоснка Каменица, се планира формирање на градежна парцела и површина за градење на депонија , пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас, проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело, и ограда околу депонијата со влезна порта.

Депониското тело е реобликувано со цел да се обезбеди стабилност на депониското тело и вкупен волумен на отпад кој изнесува 52354 m3.

Реобликуваното тело на депонијата е со форма на пресечен конус , со ископување на отпадот од југозападната страна, а ископаните површини треба да се култивираат со хумус и семе за затревување. Реобликуваното тело на депонијата Македонска Каменица е со максимална височина од 14,2м.

Поради конфигурацијата на теренот и потребата од оформување пристапен пат околу целото депониско тело, на југозападната страна е предвиден земјен насип со максимална височина од 5.9м. Земјениот насип се оформува од материјал селектиран од ископот за кој ќе се утврди дека ги исполнува условите за вградување во насип.

До влезната порта на реобликуваната депонија Македонска Каменица постои пристапен пат на кој се надоврзува новопроектираниот пристапен пат околу целото депониско тело. Влез е планиран од западната страна.

## 3. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Македоснка Каменица претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- заштита на јавниот интерес и сопственичкото право
- хармонизација на просторот
- рационално користење на земјиштето
- зголемување вредноста на земјиштето, недвижностите и другите вредни содржини во просторот
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- почитување и заштита на правото на човекот на работапочитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување придружни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- вградување заштитни мерки
- почитување законски прописи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување

да ги утврди параметрите кои се потребни за изградба на објектите во опфатот, како и воедно да ги даде и насоките за изработка на Основни проекти за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето за градежната парцела.

Програмските содржини на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, структурно се состојат од плански и од проектен дел.
Планскиот дел од урбанистичкиот проект се состои од графички и текстуален дел со нумерички податоци за проектните решенија и содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.

Проектниот дел на урбанистички проект ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската, градежната, електротехничката и машинската, во зависност од видот на предметните градби.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план освен плански и од проектен дел содржи и документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.

## 4. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ:

### а). Општи барања

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план ќе се изработува согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 32/20 и 111/23) по претходно обезбедени Услови за планирање , Проектна програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на планскиот опфат .

На Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план задолжително треба да биде извршена стручна ревизија во согласност со чл. 48 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 32/20 и 111/23) .

Содржината на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план треба да биде изработена согласно со членот 60, 61 и 62 од и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 225/20 , 219/21 ,104/22 и 99/23).

При изработка на урбанистичкиот проект задолжително треба да се прибават потребните податоци и информации согласно со членот 47 од овој закон. Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Р.С.Македонија.

### б). Посебни барања

Намена на објектите
Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена

Е- Инфраструктури
Е3.- Специјални некласификувани инфраструктури
Е3.1- локални депонии за одлагање на неопасен отпад

Да се почитува постојната инфраструктурна мрежа и за истата да се обезбеди заштитен коридор при планирање на површини за градба.

Се предлага површина за градба и максимална висина на депонијата во новопредвидената градежна парцела за изградба на депониското тело одредени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 , 104/22 и 99/23) , со цел да се обезбеди стабилност на депониското тело и вкупен волумен на отпад кој изнесува 52354 m3.

Реобликуваното тело на депонијата Македонска Каменица е со максимална височина од 14,2м и наклон на косините е 1V:2.5H, а израмнетиот дел кој се оформува е со наклон 5%. Наклонот на косините е 1V:2.5H.

При интензивни врнежи, атмосферските води кои отекуваат врз депониското тело, треба да бидат зафатени и одведени надвор од депониското тело.. Атмосферските води од интензивните врнежи се зафаќаат и одведуваат со ободни канали од префабрикувани бетонски елементи со трапезна форма, со ширина во дното 40 cm и височина 60cm и наклон на косините 1:1.

Одлагањето на отпадот според проектираната состојба на депониското тело е со набивање во слоеви по 30cm со минимум 6 поминувања со 40 тонски булдожер. Целта е добро набивање на депониското тело до финалната геометрија за да се избегне појава на нерамномерни слегања. Ископаниот отпад привремено ќе се одлага на растојание до 500m.

При дефинирање на површините за градење да се запазат растојанијата помеѓу површината за градење и границата на градежната парцела согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 , 104/22 и 99/23).

Околу површината за градење на депонијата да се предвиди ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело пристапен пат и ограда околу депонијата со влезна порта.

Не се планирани решенија за водовод , фекална канализација, електроенергетика, телекомуникациони инсталации, бидејќи нема вработени лица.

Доколку при изведување на земјаните работи за изградба на депонијата , се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04 , 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15 и 39/16), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 29 од Законот.

Составил:

Анче Димитриевска Толевска, диа. *Овластувањебр:0.0102*
Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430*

Одобрил:

Општина Македонска Каменица
Градоначалник

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ГЕОГРАФСКА КАРТА
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
3. ЕЛАБОРАТ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ Y43722 ОД ДЕКЕМВРИ 2022
4. РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ БР. 15-6505/4 ОД 04.08.2014 ГОДИНА
5. ЕЛАБОРАТ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ Y22114 ОД ЈУЛИ 2014ГОДИНА
6. РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ БР. 15-2396-22 ОД 10.01.2023 ГОДИНА

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ГУП М.КАМЕНИЦА

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

M=1:25000

**ИНГРА**
ДООЕЛ СКОПЈЕ
Лиценца за урбанистичко планирање бр.0096

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планер потписник: Анче Димитриевска Толевска,д.и.а.бр.0.0102 планер: Ана Ѓорѓиевска, д.и.а. бр.0.0430 Управител: дипл.инж.арх. Ана Ѓорѓиевска | Инвеститор: | Општина Мак. Каменица, (имплементатор Ескаватори) | | |
| | Назив на УП: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | | |
| | Локација: | КО МАК.КАМЕНИЦА, ОПШТИНА МАК.КАМЕНИЦА | | |
| | Прилог: | ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА | | |
| | Тех.бр. 91/22 | Мерка: 1:1000 | Дата: 09.2023 | Лист бр: 1 |

**ГЕО МОНД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ**


*ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ*

# *Графички прилог - Скица од извршено споредување*

***Размер 1:500***

*К.О. МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА*

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**




ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ГУП М.КАМЕНИЦА

ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА:

**E3** - Специјални некласификувани инфраструктури

**E3.1** - Депонии и преработка на неопасен отпад

E3.1

ЛЕГЕНДА
- жичана ограда
- пат
- депонија
- депонија - надвор
- воден тек
- косина

СИТУАЦИЈА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ И НАМЕНА

М=1:1000

***Изработил:***

***Виолета Попоска, дипл.геод.инж.***

***лист 1***

**ИНГРА**
ДООЕЛ СКОПЈЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Планер потписник: | Инвеститор: | Општина Мак. Каменица, (имплементатор Ескаватори) | | |
| Анче Димитриевска Толевска,д.и.а.бр.0.0102 планер: | Назив на УП: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИН МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | | |
| Ана Ѓорѓиевска, д.и.а. бр.0.0430 | Локација: | КО МАК.КАМЕНИЦА, ОПШТИНА МАК.КАМЕНИЦА | | |
| Управител: | Прилог: | СИТУАЦИЈА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ | | |
| дипл.цнж.арх. Ана Ѓорѓиевска | Тех.бр. 91/22 | Мерка: 1:1000 | Дата: 09.2023 | Лист бр: 2 |

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица**

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

**КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Тех. бр. Y43722

Скопје, декември 2022

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица**

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

## КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Македонска Каменица

Тех. бр. Y43722

Раководител на задачата
Валентина Христова Стефановска, д. н.

Valentina Hristova Stefanovska
Digitally signed by Valentina Hristova Stefanovska
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030005576521, o=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT, ou=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT:4030005576521, givenName=Valentina, serialNumber=CRT3614789, sn=Hristova Stefanovska, cn=Valentina Hristova Stefanovska
Date: 2022.12.07 13:16:15 +01'00'

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Vesna Mirchevska Dimishkovska
Digitally signed by Vesna Mirchevska Dimishkovska
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030005576521, o=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT, ou=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT:4030005576521, givenName=Vesna, serialNumber=CRT3614798, sn=Mirchevska Dimishkovska, cn=Vesna Mirchevska Dimishkovska
Date: 2022.12.07 13:26:41 +01'00'

Агенција за планирање на просторот
Директор

Andrijana Andreeva
Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2022.12.07 15:25:35 +01'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, декември 2022

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**,

предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

**Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад на КП 2628/2 и делови од КП 2630, КП 2631, КП 2627/1, КП 2629, КП 2626, КП 2625/2, КП 2628/1 и КП 2989/2, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**

**Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,22 ha. Површината за која што се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 0,84 ha.**

**За останатиот дел од површината има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со тех.бр. Y22114.**

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

***Основни определби на Просторниот план***


Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји**. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.


# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




Општинска граница

Катастарска граница

ГУП за град Македонска Каменица-Y22114



***Природни карактеристики***

Природните карактеристики на едно подрачје представуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот и во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошките, сеизмичките, педолошките и климатските карактеристики.

Предметната локација во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица се наоѓа југоисточно од населеното место Македонска Каменица на надморска височина од 610-625 метри.

*Клима:*

Климата во ова подрачје е континентална со модифициран плувиометриски режим.

Мерната станица е лоцирана на надморска височина од 630m со координати од X= 41$^0$58' и Y= 22$^0$46'. За статистичка обработка е земен период со низ на податоци од јануари-декември 1954 до 2013год.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 10,3$^0$C. Просечен годишен минимум од 9,5$^0$C и просечен годишен максимум од 11,6$^0$C. Најтопол месец е јули, а најстуден јануари. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007год. од **40,5**$^0$C, апсолутен минимум на температурата на воздухот е забележан на 19-02-1985 година од **-28,5**$^0$C, апсолутно годишно колебање од 69,0$^0$C. Просечната зимска температуре изнесува 0,7$^0$C, пролеттната температура изнесува 9,9$^0$C, летната просечна температура изнесува 19,8$^0$C и просечна средна есенска температура изнесува 10,6$^0$C. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 24-04, апсолутен последен пролетен мраз бил на 08-06-1962год. Просечен прв есенски мраз е на 13-10, а апсолутно последен есенски мраз бил на 07-09-1976год. Мразниот период просечно трае 193 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 563,9мм и тоа најмногу во мај месец со 63,2мм, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 29-06-1957година од **105,0**mm или l/m$^2$. Зимскиот период паѓаат просечно 39,0mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 116,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 49,5mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 148,6mm, летниот период просечно паѓаат 49,7mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 149,1mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 50,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 150,8mm. Годишен просек на влажноста изнесува 75%. Број на денови со снег годишно има 22, денови со град има 25, годишен број на денови со магла е 19, просечната снежна покривка изнесува 7,8sm. Просечен број на ведри денови е 107, просечен број на облачни денови е 177 дена и просечен број на тмурни денови е 82.

Во Делчевската котлина најчест ветар е од северниот правец со честина од 148‰ брзина од 2,6m/s и јачина од 8 бофори која јачина е иста за сите правци. Втор по честина е јужниот ветар со честина од 112‰ и брзина од 2,4m/s. Тишината е со честина од 360‰.

Податоците се од мерната станица Делчево.

***Економски основи на просторниот развој***

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на економските дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Македонска Каменица со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со "Просторниот план на Република Македонија" дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е “Јужната развојна оска” која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан - Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и

создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

**Реализација на документацијата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, ќе овозможи подобрување на функционалноста на комуналните активности во локалната економија. Меѓутоа, за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

**Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

***Користење и заштита на земјоделско земјиште***

**Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад

со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони**.

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на предметната документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

***Шуми и шумско земјиште***

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Република Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- **Зголемување на површините под шуми согласно глобалната реонизација и категоризација на просторот и подобрување на квалитетот на шумите преку подобрување на видовиот состав и преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми и шикари и нивно преведување во продуктивни шуми;**
- Зголемување на отвореноста на шумите со шумски комуникации и подобрување на квалитетот на шумските патишта;
- Пошумување на теренитe каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на теренитe каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренитe каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно зачувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Условите за планирање на просторот се наменети за затворање санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.

При изведбата на градежните зафати да се превземат сите неопходни заштитни мерки за да не дојде до висок степен на дефорестација на просторот да настанат еколошки промени со големи последици и сите предизвикани штети да се санираат.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар".

Просторот каде ќе се изврши затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Горна

Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од нејзиниот извор до браната на акумулацијата Калиманци.

Расположивите водни количини изразени преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување кое кај мерниот профил "Берово" изнесува 11,8 л/сек/км$^2$, покажува дека горниот слив на реката Брегалница е богат со вода. За искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ова ВП изградена е акумулацијата Беровско Езеро со намена за наводнување, водоснабдување и заштита од поплави.

Во наредниот период за целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ова водостопанско подрачје се предвидува изградба и на акумулација Разловци со вкупен волумен од 52x10$^6$м$^3$ на реката Брегалница чии води ќе бидат наменети за производство на енергија, наводнување на обработливото земјиште, заштита од поплави и задршка на наноси.

Опфатот на депонијата **се наоѓа во сливот на акумулацијата Калиманци на реката Брегалница.** Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат ризици и негативни ефекти врз човековото здравје и животната средина.

Една од основните цели во управувањето со водите е запазување на квалитетот на водите. Во функционирањето на депониите кои не се изградени и одржувани согласно стандардите за овој тип објекти има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. Превземените активности за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардната депонија за комунален отпад е во прилог на заштитата на квалитетот на водите на водотеците во сливот на акумулацијата Калиманско Езеро, а со тоа и на водата во самата акумулација.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на

енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата **за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица** нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 110kV далновод Македонска Каменица-Делчево-Берово минува на 0,4km јужно од оваа локација.

***Гасовод***

**Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во РСМакедонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во РСМакедонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во РСМакедонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат делницата-3 Чвор Исток-Радовиш-Хамзали и делница-11 Разловци-Делчево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Коридорот на планираниот гасовод од делницата-11 ќе минува на 13,3km јужно од оваа локација.

***Население***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

### *Урбанизација и мрежа на населби*

**Урбанизацијата** како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на населените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Основните плански определби за развој на населбите во планскиот период се залагаат за сеопфатен и значително порамномерно распределен просторен развој кој, во најголем дел, ќе се одвива во рамките на полицентричен, хиерархиски избалансиран систем на населени места. Во таквиот систем посебен акцент се става на забрзаниот развој на помалите урбани и рурални населби, особено оние во градските опкружувања, како и населбите од ридско-планински, карактер, погранични и недоволно развиени населби.

Насоките на Просторниот план се залагаат за:

- планирање на развојот на населбите во окружувањето на урбаните центри паралелно и интегрално со развојот на градските населби;
- развој на руралните населби во пограничните и ридско-планинските простори под непосредно влијание на најблиските градски центри со кои ќе бидат и непосредно инфраструктурно поврзани со што ќе се овозможи и повисок степен на искористување на природните погодности;
- зголемено ниво на функционална и **комунална опременост** и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;

- создадавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурно екипирање на селските населби и ефикасно сообраќајно и комуникациско поврзување.

**Иницијативата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, зголемено ниво на функционална и комунална опременост** и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Ефикасната инфраструктурна опременост на градовите и околните места, треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.

### *Домување*

**Домувањето** е една од најголемите ставки во вкупната вредност на општественото богатство и достигнувања во материјалната област. Неговиот развој, бројот, големината, функционалноста, естетиката, соодносот со другите објекти и функции во сегашната состојба, а посебно во натамошната изградба детерминиран е со низа фактори од кои најзначајни се:

- Основните демографски карактеристики (вкупниот број на жители, домаќинства и големина на семејствата),
- Процеси на деаграризација, урбанизација и место и начин на живеење,
- Обем и структура на станбениот фонд,
- Фактори кои влијаат врз перспективните потреби на станови,
- Неопходните вложувања за задоволување на новите потреби од станови.

Домувањето во градовите треба да се насочува во правец на задоволување на **хуманите и еколошките барања**, а во селата да се вградуваат позитивните карактеристики на урбано домување.

Одстранувањето на домашниот смет и негово складирање е можност за понуда на квалитетни услуги во функција за задоволување на **хуманите и еколошките барања.** Во *градските средини* домашниот смет потребно е да се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на Локална самоуправа. Локациите мораат да бидат заштитени од домашни

животини, да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во односно општинската депонија.

Во ***руралните средини*** собирањето на домашниот смет со кое се загадува земјиштето ќе се врши локално во секој стопански двор, одделно од стајскиот смет, додека домашниот смет ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места.

Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од работните процеси во *јавните објекти*, ќе го вршат на своја сметка сопствениците директно во *општинската депонија*, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

Во тој контекст оваа иницијатива за **затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица** е можност за понуда на квалитетни услуги во функција за задоволување на **хуманите и еколошките барања** преку складирање на одпадот на одредена локација вон населените места. Количината на транспортираниот смет се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

### *Јавни функции*

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет. Еден од принципите на кое се базира организирањето на јавните функции во одделни подрачја и нивно ускладување во планираната мрежа на населби е и достапност на услугите кон граѓаните во **планираната мрежа на јавни служби**, (**комуналната,** информатичната сообраќајната достапност).

Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од работните процеси во *јавните објекти*, треба предходно да се носи во *претоварна станица и складирањена одпадот, а потоа во регионалаката депонија.*

Локацијата **за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица** е во функција на развој на стопанските активности и нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

### *Индустрија*

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997 г.), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

**Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети.**

**Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за просторот наменет за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица:**

- вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;
- развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;
- технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;
- стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

Реализацијата на документацијата со намена затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица ќе биде во функција на унапредување и рекултивација на просторот и животната средина и со тоа потикнување и развој на нови индустриски капацитети со примена на современи технологии.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување

на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

### *Сообраќај и врски*

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

**Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

- **Е-65** - што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ,
- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија).

**Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:**

- **А3** - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-(граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мецитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

**При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

***Железнички сообраќај***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР.....213,5 km
- СР - Блаце-Скопје.....31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово.....84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

***Воздушен сообраќај:*** Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Државата треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

**Радиокомуникациска мрежа и антенски системи**

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на

животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

***Кабелска електронска комуникациска мрежа*** - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Македонска Каменица.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новите градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

***Заштита на животната средина***

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Согласно Просторниот план, во Република Македонија се одредени 14 оперативни гравитациони зони, во кои изборот на локации за идни регионални санитарни депонии е извршен врз основа на следните критериуми:

- топографска конфигурација која заокружува целина;
- количество и вид на цврст отпад продуциран во припадните урбани и рурални агломерации и
- радиусите на транспорт со техничка и економска оправданост.

Во секоја оперативна гравитациона зона се предвидува изградба на една, најмногу две депонии. Во секоја зона треба да функционира системот за собирање, селекција и предтретман, евиденција и декларација за составот, количините,

транспортот и депонирањето на отпадот, од санитарната депонија (депонии) за инертен цврст и делумно штетен отпад.

Согласно Експертскиот елаборат за цврстиот отпад во Република Македонија, изработен за потребите на Просторниот план на Република Македонија, локацијата е поволна доколку се наоѓа на растојание 2 km од помали населени места, односно 2,5 km од погусто населени места или прифатлива доколку е на растојание 1,5 – 2 km од населеното место. При изборот на локација за депонија важно е да се избегнуваат густо населени места и рекреативни центри, во насока на избегнување на негативните влијанија кои депонијата би можела да ги има врз луѓето кои престојуваат во нив.

Согласно Просторниот план, поволна надморска височина за депонија е меѓу 300 и 850 m, за да се избегнат неповолните влијанија на температурните инверзии во депресиите, односно ниските температури и побогатите врнежи на повисоките подрачја; поволни топографски услови се широки, амфитеатарски плитки долини, а најнепогодни се тесни клисури; економски оправдани дистанци од населените места се до 25 km ако патната мрежа е од рангот на регионални патишта и до 40 km ако се сообраќа по автопат. Предметната локација се наоѓа 610-625 m н.в.

За предметната локација е предвидено затворање на постоечката депонијата со реобликување на депониското тело и пасивен систем за собирање на гас. Во рамките на предвидените активности вклучено е реобликување на депониското тело со прифаќање на отпадот и од 3 мали диви депонии и пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас, како и проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело. Исто така предвидено е и изведба на ограда околу депонијата со влезна порта и рекултивирање на површините од кои е ископан отпад со насипување на хумус и семе за затревување.

**Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

Пожелно е да се изврши проценка на моменталната состојба и квалитет на медиумите и областите во животната средина во непосредна близина на локацијата, со цел да се утврдат и подоцна анализираат евентуалните промени и во насока на заштита на животната средина и да се превземат соодветни мерки на заштита. Во текот на експлоатациониот период на депонијата, потребно е да се превземат следните мерки:

- **Обезбедување на соодветен простор за возилата кои го доставуваат отпадот и механизацијата која ќе се користи при затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија;**
- **Покривање на депонираниот отпад со покривен слој**, за да се редуцира ширење на непријатната миризба;
- **Контрола и мониторинг на депониските гасови** (високите концентрации на јаглерод диоксид и метан кои се создаваат при разградување на

органските отпадни материи во експлоатациониот период имаат токсично дејство врз почвениот биодиверзитет во непосредната околина на депонијата, создаваат анаеробни услови и ризик од експлозија);

- **Поставување на дренажа за собирање на депонискиот гас** ($H_2$, $Co_2$, $CH_4$, и др.) и се препорачува **искористување на калоричната вредност на метанот**;
- Задолжително предвидување на соодветен технички зафат за **пречистување на отпадните води (исцедок) пред нивно испуштање во најблискиот реципиент**;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води (исцедок)** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- **Мониторинг на квалитетот на водата во површинските води кои се наоѓаат во блиската околина на депонијата**;
- **Мониторинг на ефектите од потенцијалните медиуми врз флората и фауната во околната средина**, заради превземање на мерки за намалување на опасноста од пренос на штетните материи преку синџирот на исхрана.

Да се врши мониторинг и контрола на влијанието на депонијата врз животната средина и писмено да се известува надлежниот орган за вршење на стручни работи во животната средина за сите значителни негативни влијанија врз животната средина, утврдени со примена на постапките за контрола и за следење.

Управувањето на депонијата и следењето на промените во животната средина продолжува и после нејзиното затварање, под претпоставка дека депонираниот органски отпад продолжува да се распаѓа и по затварањето на истата. Согласно Законот за управување со отпадот за депонијата или за дел од неа може да се смета дека престанала да работи, само откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина извршил завршна инспекција на самото место, ги оценил сите извештаи поднесени од страна на операторот и му доставил решение за престанок со работа на депонијата. Откако депонијата ќе престане да работи, операторот ќе биде одговорен за нејзиното одржување, за следење и за контрола во фазата на натамошната грижа за депонијата, во рокот што е определен во дозволата за работа.

***Заштита на природното наследство***

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со

инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

– Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Македонска Каменица, која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет “Бегов Даб”, Македонска Каменица, доцноримски-рановизантиски период;*
2. *Археолошки локалитет “Говедарник”, Македонска Каменица, доцноримски период;*
3. *Археолошки локалитет “Калата”, Македонска Каменица, доцноримски период;*
4. *Археолошки локалитет “Кале”, Македонска Каменица, доцноримски-среден век;*
5. *Археолошки локалитет “Керамидница”, Македонска Каменица, доцноримски- рановизантиски период;*
6. *Археолошки локалитет “Попова Глава”, Македонска Каменица, доцноримски период;*
7. *Археолошки локалитет “Стари Гробишта”, Македонска Каменица, среден век;*
8. *Археолошки локалитет “Црква”, Македонска Каменица, 3-4 век;*
9. *Археолошки локалитет “Чукарче”, Македонска Каменица, железно време;*

*10. Црква "Св. Илија", Македонска Каменица.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се археолошките локалитети:

КО Македонска Каменица- *Говедарник*, некропола од доцноантичко врема; *Гробишта,* старохристијанска црква и некропола; *Попова Глава,* могила од доцноантичко време; *Стари Гробишта,* средновековна некропола; *Црква,* могили од римско време; *Чукарче,* тумул од железно време.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на документацијата од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

### *Туризам и организација на туристички простори*

**Туризмот и угостителството** со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Република Северна Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

**Предметната локација припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат регионално туристичко значење.**

Туризмот има значајна улога во унапредување и витализација на просторните ресурси, но со посебен третман на рационалното искористување на ресурсите на кои се темели. Токму поради тоа, туризмот мора да се развива во согласност со мерките за заштита на природата и животната средина. Затворањето, санацијата и понатамошната грижа за нестандардната депонија за комунален отпад на предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот ќе има позитивен учинок во рехабилитацијата и ревитализацијата на овој простор. Со тоа се отвораат нови потенцијални можности за соодветно планирање на намената на овој претходно деградиран простор, со фокус на неговите позитивни употреби и аспекти во сферата на туризмот.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки,** а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

***Сеизмичките појави - земјотресите*** се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Делчево.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од породните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокота животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

**Прво ниво**: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

**Второ ниво**: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

**Трето ниво**: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### *Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина*

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и

можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз живото и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата за предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Влијанијата кои би можеле да се појават се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации. Мерки за заштита се

наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура, заштита на животната средина.

- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметната локација нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

**При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, задолжително да се земат во забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

***Усогласување на планската документација со Просторниот план***

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање на просторот се наменети за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад на КП 2628/2 и делови од КП 2630, КП 2631, КП 2627/1, КП 2629, КП 2626, КП 2625/2, КП 2628/1 и КП 2989/2 КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**

**Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,22 ha. Површината за која што се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 0,84 ha.**

**За останатиот дел од површината има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со тех.бр. Y22114.**

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во "Просторниот план на Република Македонија".**

**При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:**

*Економски основи на просторниот развој*

- **Реализацијата на документацијата со затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, ќе овозможи подобрување на функционалноста на комуналните активности во локалната економија. Меѓутоа, за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

*Користење и заштита на земјоделско земјиште*

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на

Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Шуми и шумско земјиште***

- **При изведбата на градежните зафати да се превземат сите неопходни заштитни мерки за да не дојде до висок степен на дефорестација на просторот да настанат еколошки промени со големи последици и сите предизвикани штети да се санираат.**
- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и теренитe во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Една од основните цели во управувањето со водите е запазување и подобрување на квалитетот на водите. Во функционирањето на депониите кои не се изградени и одржувани согласно стандардите за овој тип објекти има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. Превземените активности за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардната депонија за комунален отпад е во прилог на заштитата на квалитетот на водите на водотеците во сливот на акумулацијата Калиманско Езеро, а со тоа и на водата во самата акумулација.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Локацијата **за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица** нема конфликт со постојните преносни водови.
- За новите корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- **Иницијативата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, би требало да предизвика позитивни**

**импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, зголемено ниво на функционална и комунална опременост** и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

*Домување*

- **Иницијативата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, отвара можности за понуда на квалитетни услуги во функција на задоволување на хуманите и еколошките барања преку складирање на одпадот на одредена локација вон населените места. Количината на транспортираниот смет се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

*Јавни функции*

- **Локацијата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица е во функција на развој на стопанските активности и нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

*Индустрија*

- Во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети.**
- **Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.**
- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни**

**истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

- **Реализација на документацијата со намена затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, ќе биде во функција на унапредување и рекултивација на просторот и животната средина и со тоа потикнување и развој на нови индустриски капацитети со примена на современи технологии.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  **А3** - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-(граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мецитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21).

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа***

- **Локацијата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животната средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во**

**законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

- **Обезбедување на соодветен простор за возилата кои го доставуваат отпадот и механизацијата која ќе се користи при затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија.**
- **Покривање на депонираниот отпад со покривен слој**, за да се редуцира ширење на непријатната миризба.
- **Контрола и мониторинг на депониските гасови** (високите концентрации на јаглерод диоксид и метан кои се создаваат при разградување на органските отпадни материи во експлоатациониот период имаат токсично дејство врз почвениот биодиверзитет во непосредната околина на депонијата, создаваат анаеробни услови и ризик од експлозија).
- **Поставување на дренажа за собирање на депониските гас** ($H_2$, $Co_2$, $CH_4$, и др.) и се препорачува **искористување на калоричната вредност на метанот;**
- Задолжително предвидување на соодветен технички зафат за **пречистување на отпадните води (исцедок) пред нивно испуштање во најблискиот реципиент**.
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води (исцедок)** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- **Мониторинг на квалитетот на водата во површинските води кои се наоѓаат во блиската околина на депонијата**.
- **Мониторинг на ефектите од потенцијалните медиуми врз флората и фауната во околната средина**, заради превземање на мерки за намалување на опасноста од пренос на штетните материи преку синџирот на исхрана.

*Заштита на природно наследство*

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Македонска Каменица има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- **Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.**

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат регионално туристичко значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**
- Затворањето, санацијата и понатамошната грижа за нестандардната депонија за комунален отпад на предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот ќе има позитивен учинок во рехабилитацијата и ревитализацијата на овој простор. Со тоа се отвораат нови потенцијални можности за соодветно планирање на намената на овој претходно деградиран простор, со фокус на неговите позитивни употреби и аспекти во сферата на туризмот.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Биланс на намена на површините*

## *Користење на земјиштето*

*Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар
- **Образование**: Средно, Вишо, Високо
- **Здравствена заштита**: 2 Секундарна, 3 Терцијална
- **Оски на развој**: источна, јужна, север-југ, северна, западна
- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*


## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта бр. 24*

---

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 2396/2022

Дата: ...10-01-2023...

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Македонска Каменица се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад на КП 2628/2 и делови од КП 2630, КП 2631, КП 2627/1, КП 2629, КП 2626, КП 2625/2, КП 2628/1 и КП 2989/2 во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.** Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,22 Ха. Површината за која што се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,84 Ха. За останатиот дел од површината има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со тех.бр. Y22114.

**Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y43722** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот наменет за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот при затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за затворање, санација и понатамошна грижа


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Македонска Каменица, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 45641 од 06.09.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,22 Ха. Површината за која што се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,84 Ха. За останатиот дел од површината има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП за град Македонска Каменица, општина Македонска Каменица со тех.бр. Y22114.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2396/2022 од 12.12.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани
Одобрил: Соња Фурнаџиска

04.08.2014
09 857/6

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## за изработка на ГУП за град МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

## КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

**Тех. бр. Y22114**

Скопје јули 2014

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## за изработка на ГУП за град МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

### ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател:
**Општина Македонска Каменица**
Тех.бр. **Y22114**
Е.бр. **22114**

Раководител на задачата:
Лидија Петковска дипл.инг.арх.

Агенција за планирање на просторот

Директор:
Огнен Апостолски дипл.инг.арх.

Скопје, јули 2014

**УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА**

**ГУП ЗА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

**-ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА-**

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:


- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација** за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




Општинска граница

Катастарска граница

***Природни и климатски карактеристики***

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

*Клима:*

Климата во ова подрачје е континентална источно-европска со модифициран плувиометриски режим. Просечната годишна температура во регионот изнесува 10,7°C, со апсолутен минимум од -26°C и апсолутен максимум од 37°C, додека на планините просечната годишна температура паѓа до 3,5°C. Најтопол месец е август, а најстуден е месец јануари. Пролетта е секогаш постудена од есента.

Во вегетациониот период денови со температура повисока од 10°C има 191 ден во текот на годината. Ваквата поволна клима овозможува виреење на разни растенија, а воедно претставува и многу погоден природен услов за развој на туризмот во овој крај.

Средно месечните температури на воздухот за период од 30 години се следни: просечно месечна температура на декември е 0,4°C, јануари 0,6°C, февруари 1,3°C, март 5,3°C, ноември 6,4°C, а најтопли просечно месечни температури има во јули 21,7°C, август 21,1°C, јуни 19,2°C, септември 17,5°C. Годишната амплитуда изнесува 22,3°C. Овие податоци ни укажуваат дека во овој реон има доста сончеви денови. Сончевите денови се застапени во вегетациониот период од месец април до месец септември. Просечната годишна температура во Делчево изнесува 10,7°C, со апсолутен минимум од -26°C и апсолутен максимум од 37°C.

Просечно годишно има 107 ведри денови 177 облачни и 81 тмурни денови. Просечно годишно има 19 магливи денови.

*Ветрови*: Од ружата на ветрови може да се забележи дека најголема зачестеност на ветер има од северниот правец со честина од 165‰ и брзина од 2,6м/с, па од југ 114‰ и брзина од 2,4м/с, па западниот ветар со 70‰ и брзина од 2,2м/с, југоисточниот ветар со честина од 68‰ и брзина од 2,6м/с, источниот 64‰ и брзина од 1,6м/с, југозападниот 63‰ и брзина од 2,6м/с, северозападниот 61‰ и брзина од 2,7м/с и североисточниот со честина од 51‰ и брзина од 2,7м/с.

*Мразеви*: Мразниот период трае 193 дена, а просечно последен пролетен мраз се јавува до 24-04, а апсолутно последен е забележан на 08-06-1962 година. Просечно прв есенски мраз е на 13-10, а апсолутно прв есенски мраз е забележан на 07-09-1976год. Годишна сума на снежни врнежи е 22 дена од ноември до март.

*Врнежи:* Просечните годишни количини на врнежи во регионот изнесуваат 553,3 мм, а на планините над 1.600 м.н.в. и до 1.000 мм. Врнежите, и ако се релативно мали, нивниот распоред во вегетациониот период (април-септември) е поволен и изнесува над 50% од вкупните годишни врнежи. Најврнежлив е месец Мај со 66,3мм па потоа ноември со 64,8мм, па јуни со 53,6мм, а најсушен е јануари со 34,3мм. Просечно годишна влажност на воздухот е 75%.

***Економски основи на просторниот развој***

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓа од објективните фактори според кои врз основа на одлуките на одделните сопственици и менаџери и планските предвидувања и одлуките на општодржавните органи или органите во локалната самопуправа, разместувањето се остварува како дисперзија во просторот и како концентрација на економските дејности на одделни места. При доминација на пазарот и приватната сопственост во економскиот систем, вистинското решение се наоѓа во комбинација на концентрацијата и дисперзијата, како комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на стопанството.

**Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Македонска Каменица за кој се наменети Условите за планирање.**

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за градот Македонска Каменица е "Јужната развојна оска" која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р. Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

**Изработката и реализацијата на ГУП-от за градот Македонска Каменица со површина на планскиот опфат од 200,04 ха, согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**

**При изработката на Генералниот урбанистичкиот план за Градот Македонска Каменица треба да се има во предвид дека на источната страна, една од дисперзираните површини на планскиот опфат граничи со локација за која се изработени Услови за планирање за стопански комплекс со техн. бр. 00912. Наведената забелешка има за цел обезбедување меѓусебна компатибилност на намените во планските опфати кои граничат.**

**Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина од околу 200 ха на планскиот опфат на ГУП-от за градот Македонска Каменица.**

***Користење и заштита на земјоделското земјиште***

**Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделието, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на бонитетната структура на оработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско преработувачки капацитети.

За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага да се користи реонизацијата според која Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. **Просторот за кој се наменети Условите за планирање припаѓа припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација, односно проект за инфраструктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проектот за инфраструктура, пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

***Шуми и шумско земјиште***

Областа шуми и шумско земјиште во Просторниот план е третирана на начин според кој се очекува да бидат задоволени следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- Воведување на посовремена техника и технологија при користењето на шумските производи и порационално користење на дрвната маса преку зголемување на учеството на техничкото дрво за сметка на огревното и отпадокот при сеча и изработката на шумски дрвни сортименти;
- Зголемување на отвореноста на шумите со шумски комуникации, подобрување на квалитетот на шумските патишта и подобрување на условите за стопанисување со останатите шумски производи;

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 г; дефинирани со ППРМ:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;

- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Минерални суровини***

Во областа на **минералните суровини** особено внимание треба да се обрне на:

- Примена на современи технологии и техники во рудниците за експлоатација на суровините;
- Дефинирање и уредување на начинот, условите и критериумите за ангажирање на странски капитал во вкупната проблематика на минералните суровини (истражување, експлоатација и преработка);
- Намалување на деградацијата на средината во процесот на експлоатација и преработката на рудите и санирање и рекултивирање (техничко и биолошко) на деградираните и загрозените површини со експлоатација на рудите и депониите на јаловина;
- Заштита на зоните, ревирите и рудните лежишта од непланска изградба на времени и трајни градежни објекти.

Респектирајќи го геолошкиот состав, тектонскиот склоп, процесите на седиментација и магматска мобилност како основни природни предиспозиции во создавањето на рудните лежишта, наоѓалишта и рудни појави, на територијата на Републиката се издвоени шест основни рудни реони, а **Македонска Каменица припаѓа на Српско -Македонскиот масив.**

Приоритетни суровини за геолошко истражување и експлоатација во **Српско- Македонски масив** се:

- метали - трет приоритет: појавите на злато и платинска група на метали и ретките расејани елементи;
- неметали - прв приоритет: туларските глини, песоците чакалите;
- води-прв приоритет : води за пиење, термалните и минералните води;
- енергетски суровини-прв приоритет: ниско калоричен јаглен, трет битуменозните глинци и преталожените појави на уран.

**Од особено значење е да се почитува:**

- забраната за трајно лоцирање на инфраструктура и градежни објекти врз утврдени ревири на метални и неметални оруднувања и јагленосни басени.
- забраната за лоцирање на загадувачка индустрија на простори со утврдени и претпоставени артерски води и обврзувачко решавање на канализациони системи со биолошки третман на отпадните води во постојните околни населби.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко" и "Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Градот Македонска Каменица, општина Македонска Каменица се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Горна Брегалница" кое го опфаќа сливот на горниот тек на реката Брегалница од изворишната зона до браната "Калиманци".

**За искористување на постојниот хидролошки потенцијал во ВП "Горна Брегалница" покрај акумулацијата "Калиманци" на реката Брегалница изградена е и акумулациите "Беровско Езеро" на Ратевска Река.**

Во наредниот период во ова ВП се предвидува изградба и на акумулација "Разловци" со вкупен волумен од $52x10^6м^3$ на реката Брегалница чија намена ќе биде производство на енергија, обезбедување вода за наводнување, заштита од поплави и задршка на наноси.

Планскиот опфат на градот Македонска Каменица го зафаќа и крајбрежниот простор на постоечката акумулација Калиманци. Намената на акумулацијата е да обезбеди вода за наводнување на обработливите површини, да обезбеди биолошки минимум на реката, потоа да обезбеди заштита од поплави и задржување на наноси.

Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат ризици за човековото здравје и за животната средина.

Бидејќи просторите погодни за изградба на акумулации се ограничени, стратешка определба е максимална заштита на тие простори со превземање на мерки кои ќе го спречат деградирањето на речните корита и со кои ќе се обезбеди заштита на сливното подрачје на акумулацијата.

При дефинирањето на планскиот опфат на градот да се запази заштитниот појас околу акумулацијата почитувајки го максималното ниво на водата, согласно Зконот за води.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустријата.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за градот, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на градот;
- Третирање на водата како производ кој има своја економска цена како и сите други производи. Потребно е нејзино штедење преку рационално користење и модернизација на системот за водоснабдување во градот;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се избегне пореметувањето на режимот на нивното хранење.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на површинските и подземните води. За таа цел потребна е изградба на канализациски системи за прифаќање и третман на отпадните води. За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на градот;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води";

Доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на (идната) пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа во градот, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализацискатa мрежа.

### *Енергетика и енергетска инфраструктура*

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р. Македонија се дефинираат состојбите, потребите и

начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р. Македонија. Притоа, приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу важен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективните водови кои нема да претставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Аминдео), Косово (Косово-Б) и Бугарија (Црвена Могила), а во план е изградбата на водови кон Србија и Албанија.

Во границите на планскиот опфат на ГУП Македонска Каменица се наоѓа 110 kV трафостаницата Македонска Каменица. Низ опфатот минуваат: 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Кочани, 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Виница и 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Делчево, така при изработката на урбанистичката и проектната документација треба да се почитува "Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV" (Сл.лист на СФРЈ бр.65/1988 год.).

Со Просторниот план на Р. Македонија до 2020 година во овој регион не се планира инсталирање на нови елементи во 110 kV преносната мрежа.

### *Гасоводен систем*

**Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, поради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Со сегашната изграденост на гасоводот, корисниците овој регион немаат можност да се приклучат. Со развој на гасоводниот систем планирано е да се изгради делница Разловци-Делчево со што ќе се создадат поволни услови за користење на гасот и во овој регион. Точната траса на овој гасовод сеуште не е утврдена.

### *Население*

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекс на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на анализа за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста на населението, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач-креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Менувањето на сегашните однесувања на обновување на населението и потребата од создавање модел на современо семејство со просечен број од околу 2,2 деца, претставува долгорочен и сложен процес на усогласување на личните и заеднички потреби и интереси на граѓаните. Како демографска рамка на вкупната расположива понуда на работната сила, населението е значајна категорија која треба да се има предвид при апроксимација на потенцијалните работни ресурси. Од обемот и интензитетот на приливот на новите генерации зависи и потребата од поголем степен на активирање на работоспособни лица.

**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Македонска Каменица регистрирани се вкупно 8110 жители од кои околу 38.3% ја сочинуваат расположивата работна сила, категорија посебно значајна за развојот на стопанските активности во ова подрачје.**

### *Урбанизација и мрежа на населби*

Основните цели во развојот на процесот на **урбанизација и оформувањето на мрежата** на населени места се однесуваат на:

- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој со вклучување на принципите на полицентричност и хиерархичност;
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- намален интензитет на популациска концентрација во урбаните населби и повисок степен на усогласеност со динамиката на стопанскиот развој на државата;

- зголемување на степенот на екипираност на општинските центри со функции и дејности од доменот на јавните функции, услугите и инфраструктурата;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- рамномерен и воедначен просторен развој на населените места;
- оптимална функционална екипираност усогласена со идните потреби на корисниците;
- создавање на поповолни услови за развој на градските населби, посебно на оние градови кои ќе придонесат кон воедначување на ефектите на процесот на урбанизацијата и рамномерна дисперзија во просторот на Републиката;
- интензивирање на развојот на градовите кои ќе имаат улога да ја амортизираат високата стапка на популациската и функционалната поларизација во просторниот опфат на републичкиот центар;
- развој и екипирање на градските населби согласно предвиденото место и улога во системот на централните населби;
- развој на градските населби кои би имале непосредно стимулативно влијание врз економскиот и демографскиот подем на пограничните и недоволно развиените простори;
- интензивирање на развојот на населбите во приградските зони врз квалитативно нова основа, непосредно ефикасно поврзани со градската населба;
- ефикасно и рационално меѓусебно комуникациско поврзување на системот на центри посебно помеѓу соседните градови и регионални центри;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите.

Концептот на просторниот развој на Република Македонија темелен врз принципите и развојните цели на урбанизацијата непосредно ја дефинира структурата и основните атрибути на мрежата на централните населби. Согласно претходно утврдената хиерархиска структура и положба во просторот, дефинирана е содржина на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност во мрежата на централните населби.

На територијата на Република Македонија, и во рамки на за таа цел дефинираните просторни сегменти, мрежата на централните населби се очекува да биде составена од следните нивоа:

- центар на државата - центар на државно ниво со меѓународно влијание;
- центар на макрорегион - центар на макрорегионално - надрегионално ниво;
- центар на мезорегион - центар на средно- регионално ниво;
- центар на микрорегион - центар на субрегионално ниво.

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, Македонска Каменица е категоризирана како **како мала градска населба,** која до 2020год. ќе се придружи на **групата на централни населби(центри на микрорегион)** кој се со популациска големина под

30.000жители. Оваа категорија на населби потребно е да имаат поголема застапеност на јавни функции, функции на општественстандард и услуги, застапеност на производни и и стопански капацитети со гравитациско влијание на најмалку две општини.

Просторно-физичкиот развој на градските населби и населбите во нивното непосредно окружување во идниот период, треба да биде интегрално третиран и плански насочуван со цел да се намали и ограничи неконтролираниот, интензивен процес на населување на периурбаните простори искажан во претходниот период.

Процесот на проширување на зоната на изградено земјиште на градските населби се очекува да се одвива во забавена форма, а перспективниот просторно-физички развој да биде насочен кон поефикасно користење на градежното земјиште во постојните граници, во согласност со важечките стандарди и нормативи.

Организацијата на територијата на Републиката на просторно-функционални единици има за цел да овозможи:

- рационална организација и оптимална усогласеност на јавните функции со потребите и интересите на локалната самоуправа;
- рационализација на процесот на управувањето;
- ефикасно задоволување на секојдневните потреби на населението;
- ефикасно планирање и реализација на активностите, усогласување и координација на програмите на локално ниво.

На територијата на Републиката, во рамките на концептот на просторно-функционалното разграничување, определени се вкупно 15 функционални единици со ист број функционални центри. Центрите на просторно-функционалните единици претставуваат населби со различен степен на централитет и број на жители во опфатот.

Просторно-функционални единици - 2020 год.

| Ред. бр. | Просторно-функционална единица | Жители | Уч. во вк.% |
|---|---|---|---|
| 1. | СКОПЈЕ: Центар, Карпош, Г. Баба, К. Вода, Чаир, Ѓ. Петров, Сарај, Чучер-Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Студеничани, Зелениково, Ш. Оризари, Сопиште, Кондово | 614.400 | 27.6 |
| 2.. | БИТОЛА: Битола, Ресен, Д. Хисар, Сопотница, Добрушево, Старавина, Бач, Кукуречани, Цапари, Могила, Новаци, Бистрица | 155.300 | 7.0 |
| 3. | ВЕЛЕС: Велес, Градско, Извор, Богомила, Чашка | 76.200 | 3.4 |
| 4. | ГЕВГЕЛИЈА: , Богданци, Валандово, Стар Дојран, Миравци | 54.300 | 2.4 |
| 5. | ГОСТИВАР: Гостивар, Маврови Анови, Србиново, Вруток, Долна Бањица, Чегране, Врапчиште, Полошко | 113.800 | 5.1 |
| 6. | КАВАДАРЦИ: Кавадарци, , Демир Капија, Росоман, Конопиште | 73.200 | 3.3 |
| 7. | КИЧЕВО: Кичево, М. Брод, Пласница, Самоков, Осломеј, Другово, Зајас, Вранештица | 93.400 | 4.2 |
| 8. | КОЧАНИ: Кочани, Делчево, Виница, **Македонска Каменица**, Зрновци, Блатец, Оризари, Облешево, Чешиново | 97.900 | 4.4 |
| 9. | КУМАНОВО: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Орашац, Липково, С. Нагоричане, Клечевце, Ранковце | 186.900 | 8.5 |
| 10. | ОХРИД: Охрид, Струга, Косел, Белчишта, Мешеишта, Делогожди, Велешта, Вевчани, Лабуништа, Луково | 174.300 | 7.8 |
| 11. | ПРИЛЕП: Прилеп, Крушево, Витолиште, Тополчани, Долнени, Кривогаштани, Житоше | 119.200 | 5.4 |
| 12. | СТРУМИЦА: Струмица, Берово, Пехчево, Ново Село, Муртино, Босилово, Куклиш, Василево; Радовиш, Подареш, Конче | 144.600 | 6.5 |
| 13. | ТЕТОВО: Тетово, Боговиње, Камењане, Брвеница, Желино, Шипковица, Џепчиште, Јегуновце, Теарце, Вратница | 203.000 | 9.1 |
| 14. | ШТИП: Штип, С. Николе, Пробиштип, Злетово, Карбинци, Лозово | 116.650 | 5.2 |
| 15. | ДЕБАР: Дебар, Ростуше, Центар Жупа | 18.870 | 0.8 |

***Домување***

Во Просторниот план на Р Макединија, функцијата **домување** е детерминирано како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое семејство;
- подигнување на стандардот на домување во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичка градба на станови;
- замена на субстандардните станови со нови;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигнување на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на стан овите како хумани простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар
- изградба на социјални станови и
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување на поволни кредитни услови за станбена изградба
- дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна градба

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на ГУП Македонска Каменица треба да се обрне внимание особено на:

- станбениот дефицит, односно постоење на домаќинства без стан,
- од потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства,
- од потребата за замена на субстандардниот станбен фонд,
- од потребите за корегирање, односно подигнување на стандардот и културата на домувањето
- од потребата за предвидување на станови за одмор и рекреација

Основна определба во политиката на станбената изградба во Македонска Каменица во планираниот период (според ГУП-от) треба да биде е реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор за Македонска Каменица во планскиот период треба да се заснива на нормативите зацртани во ППРМ и тоа:

20-25 м$^2$/жител станбена површина, 40-80 м$^2$/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Врз основа на предвидените демографски показатели кои се однесуваат на порастот на бројот на домаќинства во планскиот период, намалување на просечната големина на домаќинствата, механичкиот прилив и другите параметри кои треба да се задоволат, во Просторниот план е дадена проекција на станбените потреби за сите општини во Републиката.

| | Општина М.Каменица |
|---|---|
| станбен суфицит | 212 |
| станови кои се задржуваат | 2092 |
| субстандардни станови | 283 |
| домаќинства во 2020г | 2705 |
| нови станови по основ пораст на население | 542 |
| нови станови по основ отклонување на дефицит | 0 |
| вкупно нови станови во 2020г | 825 |
| вкупно станови во 2020г | **2917** |

*податоците се земени по старата територијална поделба согласно ППРМ

Податоците се презентирани за Општина Македонска Каменица, и истите може да се користат како ориентациона рамка за потребите на ГУП-от.

Во експертните елаборати кои се составен дел на ППРМ е евидентирани се локалитети со **бесправна градба на територија на цела р. Македонија.**
Бесправната градба предизвикува бројни последици во просторот меѓу кои најмаркантни се:

- узурпација на земјоделските површини,
- уништување и деградација на природните вредности,
- изградба на објекти на површини од јавен интерес,
- создавање на нехигиенски населби,
- концентрација на населението без социјална инфраструктура,
- изградба на многу недовршени објекти

За сузбивање на бесправната градба донесена е соодветна законска регулатива со што се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и третман на бесправно изградените објекти. Тоа е Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ бр.23/11), Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ бр. 54/11, 155/12, 72/13), како и стандардите според кои се вклопуваат бесправните објекти во урбанистичко планската документација, утврдени со Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл. Весник бр56/11).

***Јавни функции***

Општи цели во политиката на развој на јавните функции во Македонска Каменица за планскиот период се следните:

- намалување на разликите во квалитетот на живеење;

- активирање и самоиницијативи на граѓаните низ различни институционални и вонинституционални аранжмани;
- зголемување на искористеноста на изградените фондови за потребите на работата на јавната функции;
- прилагодување на нормативите за проектирање и градење на нови објекти на барањата за квалитет, лесно одржување на објектите и употреба на соодветни материјали и опрема;
- понатамошен развој на мрежата на институции за воспитување и образование на децата од предучилишна и училишна возраст;
- поголем степен на вработеност на жените во сфера на јавните функции;
- изградба и реконструкција на објекти за обезбедување на оптимален училишен простор во објектите и во дворното место;
- Зајакнување и проширување на постојните институции од социјалната сфера
- Заштита на здравјето на стари лица
- Обезбедување на просторни капацитети и објекти од областа на културата и спортот

Анализирано по дејности кои спаѓаат во категоризацијата јавни функции, целите се следни:

*Образование:*

- понатамошен нагласен развој на мрежата институции за предучилишно воспитување и образование поради нивното значење во психофизичкиот развој на младата личност,
- поуспешно подготвување на децата за училиште и сé поголем степен на вработеност, посебно на жените;
- поразвиени капацитети и мрежа на детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.).
- Со предучилишни установи треба да бидат опфатени 70% од децата на предучилишна возраст со целодневно или полудневно боравење.

*Основно образование:*

- целосен опфат на децата од основната училишна возраст;
- работа на училиштата во една смена со целодневно боравење на учениците;
- изградба и реконструкција на објекти согласно современите педагошки и хигиенски барања и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и наведените цели (за објектот и дворното место);
- развивање на мрежа на основни училишта, по можност за секое населено место, или во блиска населба, со организиран превоз со училишни автобуси;
- постојано приспособување на програмските содржини и образовно воспитната функциите на училиштето со современите педагошки и нови научни сознанија.

*Средно образование::*

- обезбедување целосен опфат на младината од средно училишна возраст;
- перманентно обезбедување на материјална подлога во смисол на развивање на порамномерна мрежа на средни училишта достапни за поголемиот број на населени места;
- изградба и реконструкција на објекти согласно современите педагошки и хигиенски барања и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и наведените цели (за објектот и дворното место);
- усогласување на програмските содржини со потребите на стопанството и нестопанските дејности, засновани на современата
- педагошка наука и практика со нагласена општо - образовна и воспитна димензија.

*Високо образование* - развојот на високото образование треба да базира на следните елементи:

- капацитетите на високо-училишните установи и нивната просторна разместеност дефинирани се со постојните објекти и комплекси, а профилите ќе се редифинираат согласно потребите на стопанството и нестопанските дејности, во таа смисла што насочувањето треба да се одвива во правец на обезбедување на високо-стручни кадри за насочени области и гранки на развојот;
- усогласување на развојот на високо-училишните институции со очекуваната забрзана социјална, економска, културна и друга развојна тенденција на населението.

*Образование за возрасни* - образованието за возрасни треба да се одвива во наредниот период во следните насоки:

- перманентно стручно образование на возрасните, усовршување, квалификација и специјализација на кадрите;
- оспособување, усовршување, преквалификација на работниците

*Здравство:*

- порамномерен развој и намалување на разликите на развиеност на основната здравствена заштита помеѓу урбаната градска и руралната средина
- подобрување на просторната организација на здравствените служби (функции, капацитети, елементи) во смисол на интегрираност и рационалност во задоволување на потребите на населението;
- зголемување на фондот на постели и подобрување на структурата на здравствените работници.

*Социјална заштита:*

- понатамошен се порамномерен развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитание на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;

– за заштита на здравјето на старите лица да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

*Култура:*

– позабрзан и подинамичен културен развој во сите сфери

*Физичка култура:*

– обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност;
– проширување на мрежата на објекти на ниво на градот, во установите за дневен престој и училиштата, согласно оптималните стандарди од оваа област.

Во рамките на планирана мрежа на јавните служби во Виница покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

– сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.) со можност за дневни контакти на поголеми дистанци како една од причините за урбаната концентрација, развој на комплементарни содржини за одделни дејности (домови, пансиони, стационари, кујни и сл.) и усогласено работно време на одделни јавни дејности според потребите на граѓаните,
– утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, Македонска Каменица е категоризирана како **како мала градска населба,** која до 2020год. ќе се придружи на групата на централни населби(центри на микрорегион) кој се со популациска големина под 30.000жители. Ваквата позиција на Македонска Каменица во системот на населби во републиката ги предвидува следното ниво на јавни функции:

*Образование:*

– основно (деветолетка ), кое е задолжително за сите населби;
– средно образование (измени и дополнувања на Законот за средно образование Сл. Весник бр.49 од 2007год член.1),задолжително за централна населба или во друга населба на подрачјето на територијалната целина;
– организирање на комплементарни функции,
– вишо и високо образование може да се предвиди доколку постојат економски оправданости и интерес на заедницата, за што би тебало да се направат дополнителни истражувања;

*Здравствена заштита:*

- од примарна задолжителни се здравствен дом, медицински центар,и вонблоковски стационар доколку постои економски оправданости и интерес на заедницата во јавен и приватен сектор како и аптеките како комплементарни служби,
- од секундарната здравствена заштита, неопходи се општи болници додека пак доколку постои интерес и економска оправданост во централна населба или во друга населба на подрачјето на територијалната целина , може да се предвидат и специјални болници и заводи за медицинска рехабилитација;

*Социјална заштита:*

- неопходно е предучилишно образование -детски градинки
- доколку постои интерес и економски основ пожелни се домови за сместување на деца без родителско старателство, домови за деца со функционална и ментална попреченост,и центри за стари лица;
- сите горе наведени, може да се организираат како потреби на центри на општина;

*Култура:*

- библиотеки и домови на култура а доколку постои интерес и економски основ ,пожелно е да се предвидат музеи, галерија, изложбени простори и некакви институции од информатичката дејност , сценско музички дејности;
- сите горе наведени, може да се организираат како потреби на центри на општина;

*Физичка култура:*

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со уредени санитарни простори и со минимален режим на одржување;
- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со уредени санитарни простори и со соодветен режим на користење;
- покриени објекти за спорт и рекреација со соодветни санитарни уреди и режим на одржување и користење (базени, тениски игралишта, вежбалници и сали за гимнастика), доколку постои интерес и економски основ;
- доколку постои интерес и економска основа може да се организираат и помали спортско-рекреативни центри со мултинаменски карактер,
- доколку постои интерес и економска основа може да се организираат и помали спортско-рекреативни центри со мултинаменски карактер, па дури и такви кои ќе задоволуваат стандарди за сојузни и меѓународни натпревари.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во Македонска Каменица се:

*За образование:*

- основното образование е обврзувачко за сите деца во државата на соодветната возраст и наставата да се одвива во една смена; потребна површина изнесува мин. 7 м$^2$ /ученик за површина на објектот и мин. 20 м$^2$ / ученик за површина на парцела,
- со средно образование да биде опфатена целокупната младина на возраст од 15-19 год. и можноста наставата да се одвива во една смена. Потребната површина изнесува 7 м$^2$ / ученик за површина на објектот и мин. 25м$^2$ / ученик за површина на парцела,
- високо образование да биде опфатена целокупната младина на возраст од 20-24год. со потребна минимална површина 30м$^2$ /студент за површина на парцела.

*За здравство:*

- мин. 6 лежаи на 1000 жители; мин. 8 м2 по болнички лежај од површината на објектот и мин 80 м2 по лежај на парцелата за здравствениот објект.

*За социјална заштита:*

- за објектите од социјален карактер (за деца без родители и за стари лица) се планираат по 3 места на 1000 жители со мин. 15 м$^2$ на површина на објектот по корисник и мин 30 м$^2$ п/ корисник за површината на парцелата.
- за организации за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се планираат по 9м$^2$ /дете од бруто површина на објектот . Од површината на парцелата се планира по мин 30м$^2$ /корисник за детски јасли и 35м$^2$ /корисник за детска градинка за површина на парцела.

*За култура:*

- постигнување на повисок степен на организираност, зголемување на степенот на искористеност на постојните културни капацитети со проширување на мрежата на установи, не само преку државни институции, туку и преку локалните заедници и приватниот интерес за инвестирање во овие дејности.
- за библиотеките се планира мин. 100 м$^2$ на 1000 жители.
- за театрите на 1000 жители се планираат 20 места или 7 м$^2$/ гледач за минимална површина на парцела. За кино на 1000жители се предвидува 50 места: или мин 3м$^2$по гледач за површина на парцела.

*За физичка култура:*

- поттикнување и охрабрување на локални и приватни иницијативи, покрај државните за подобрување на постојните капацитети и градба на нови. За објекти од спорт и рекреација од површината на парцелата се предвидува мин 2м$^2$ по жител за игралишта за деца и 2м$^2$ по жител за спортски терени.

***Индустрија***

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на националната стратегија за економски развој на Република Македонија (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и **поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

**Доколку со планскиот опфат на ГУП на Градот Македонска Каменица се планираат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби за развој на индустријата утврдени со Просторниот план на Република Македонија.Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.**

***Сообраќај и врски***

комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со " Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Мецитлија)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мецитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-ГП Љубаништа)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требениште- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-208** - (Врска со М-2 - Тораница - Македонска Каменица - врска со М-5)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овие регионални патни правци велгуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименуваат со ознаката:

- **Р1210** - (Врска со А2-Тораница-Саса-Македонска Каменица-врска со А3)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11 и бр.53/11).**

***Железнички сообраќај***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР..... 213,5 км
   - СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 км
   - СР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 км
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 км
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје..... 143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

***Воздушен сообраќај:***Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата. Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја

сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром, или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

***Телефонска мрежа:*** АД "Т-Хоме" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници и т.н.

Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците во ова подрачје во комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во **Македонска Каменица.**

***Мобилна телефонија:*** Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т- Мобиле, Оне и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Градот како и целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на сите три компании.

### *Заштита на животната средина*

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по

настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За реализација на системот на заштита на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица потребно е да се почитуваат следните цели:

- Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението во релација со квалитетот на животната средина;
- Создавање на инфраструктура којашто сеопфатно ќе ги поврзе загадувачите, субјектите на контрола и мониторинг, како и институциите во коишто се планира развојот, во законски определени рамки;
- Заштеда на енергијата преку производство на топлинска и електрична енергија од отпадните гасови од индустриски капацитети, користење на биогас и рециклирање како заштеда на суровини, природни ресурси и енергија, заштеда на водни ресурси преку глобално управување со водостопанските системи;
- Основа за управувањето со животната средина да биде сеопфатен мониторинг, воспоставување стандарди и мерки за заштита во зависност од капацитетот на подрачјето, усогласено со постојната законска регулатива.

**Нарушувањето на природните процеси во животната средина** се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

**Одредби** за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кои треба да се почитуваат при изработката на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица се:

- Воспоставување и одржување на Катастар за животната средина;
- Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во индустрискиот и енергетскиот сектор и зголемување на ефикасноста на системите за пречистување кај евидентираните загадувачи преку издавање на интегрирани еколошки дозволи;
- Управување со загадување од сообраќајот;
- Подобрување на квалитетот на површинските води со задолжителна изградба на станици за предтретман на индустриските отпадни води;
- Заштита на изворишта, бунарите и подземните води како потенцијал за водоснабдување со утврдување на заштитни зони;

- Рекултивација на деградирани површини, депонии за комунален цврст отпад и "диви" депонии во регионот;
- Заштита на шумите во подрачјата покрај урбаните зони.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Реката Каменица согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

### *Заштита на природно наследство*

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги

поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13 и 41/14) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр.39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**

Доколку при изработката на Генерален урбанистички план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

***Културно наследство***

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство ((Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14),), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа **нема** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- **КО Македонска Каменица** - *Говедарник,* некропола од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на црквата; *Гробници,* старохристијанска црква и некропола, се наоѓа во атарот на Грчовско маало; *Попова Глава,* могила од доцноантичко време, се наоѓа на десниот брег на реката Каменица; *Стари Гробништа,* средновековна некропола, се наоѓа на 1 км северно од селото и десно од асфалтниот пат; *Црква,* могили од римско време; *Чукарче,* тумул од железно време, населба во непосредна близина на Грчовско маало.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 70/13 - пречистен текст и 55/13, 163/13, 37/14 и 42/14-измена и дополна), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

### *Туризам и организација на туристички простори*

**Туризмот и угостителството** со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и

нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

**Предметниот простор припаѓа на Брегалнички туристички регион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и според валоризацијата на туристичките простори, е категоризиран како туристички простор со регионално значење.**

За непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на производните и услужни дејности **да се почитува планската определба утврдена со Просторниот план на Република Македонија за заштита на животната средина и остварување одржлив економски развој.**

### *Заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување)*

Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр. 185/11-пречистен текст), Законот заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.93/12-пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ, број.29/05 и 36/11), **градот Македонска Каменица за кој се изработува ГУП** според степеност на загрозеност од воени разурнувања се наоѓа во **простори со висок степен на загрозеност.**

Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување **треба да се применуваат мерки за заштита и спасување**.Тоа опфаќа пред се објектите, да бидат отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустиски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образование и култура.

Обврската за изградба на засолништа се однесува на загрозените зони. Загрозените зони ги утврдува Владата и истите се составен дел на просторните и урбанистичките планови.

Начинот на изградба, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа:

- Закон за одбрана (Службен весник на РМ, број.185/11 - пречистен текст)
- Закон заштита и спасување (Службен весник на РМ, број.93/12 и 41/14)
- Закон за управување со кризи (Службен весник на РМ, број.29/05, 36/11 и 41/14)

**Сеизмичките појави-земјотресите** се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Присутни се низ вековите, над десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања.

Подрачјето на градот според досегашните сеизмолошки истражувања, спаѓа во терени подложени на чести и силни земјотреси предизвикани како од подалечните епицентрални жаришта, така и од локалните и се наоѓа во зона на **8 степени** по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во идниот развој за **заштита на просторот од поплави и големи води** треба да се почитуваат препораките опишани во делот за водостопанството.

Од останатите **метеоролошки појави** со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на **заштитата од други несреќи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на пожарите.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, просторот на градот **Македонска Каменица,** во случај на пожар ќе го опслужува противпожарните единици од градот и околните населени места.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави во урбанистички планови и проекти се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводна мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во индустриската зона;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите;

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04) кој е во согласност со директивите на Европска Унија, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

-оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;

-оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;

-анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;

-дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;

-процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;

-утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

-максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

-вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;

-интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на ГУП на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компактибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- потребата од предвидување на превентивни мерки за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребата од замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти; редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци до 50% и редукција на емисија на бензен, хлорметан, дихлоретан, бакар и кадмиум од 60-70%; намалување на емисијата на јагленороден-диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи ;

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање се издаваат за потребите на изработка ГУП за град Македонска Каменица-општина Македонска Каменица и треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на градот и пошироко и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени во Просторниот план на Р. Македонија, а во согласност со истиот. Границата на планскиот опфат на постојниот ГУП изнесува 200,4 ха.**

**Во границите на планскиот опфат се предвидуваат намени и функции согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.**

**Постојната акумулација Калиманци делумно навлегува во границите на планскиот опфат на ГУП Македонска Каменица.**

***Економски основи на просторниот развој:***

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

  **Изработката и реализацијата на ГУП-от за градот Македонска Каменица со површина на планскиот опфат од 200,04 ха, согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**

  **При изработката на Генералниот урбанистичкиот план за Градот Македонска Каменица треба да се има во предвид дека на источната страна, една од дисперзираните површини на планскиот опфат граничи со локација за која се изработени Услови за планирање за стопански комплекс со техн. бр. 00912. Наведената забелешка има за цел обезбедување меѓусебна компатибилност на намените во планските опфати кои граничат.**

  **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина од околу 200 ха на планскиот опфат на ГУП-от за градот Македонска Каменица.**

***Заштита на земјоделско земјиште:***

- За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага да се користи реонизацијата според која **Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.** Предметниот простор припаѓа на **Источен реон со 8 микрореони.**
- Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Шуми и шумско земјиште:***

- Со цел да се отпочне враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството и да се спречат штетни активности во шумарството неопходно е почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување. Користењето и изведувањето на активности во шума и на шумско земјиште да биде во согласност со Законот за шуми (Сл.весник на РМ, бр.64 од 22.05.2009, измена и дополна на законот бр.24/2011).

***Водостопанска инфраструктура:***

- Планскиот опфат на градот Македонска Каменица го зафаќа и крајбрежниот простор на постоечката акумулација Калиманци. Намената на акумулацијата е да обезбеди вода за наводнување на обработливите површини, да обезбеди биолошки минимум на реката и да обезбеди заштита од поплави и задржување на наноси.
- Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат ризици за човековото здравје и за животната средина. Бидејќи просторите погодни за изградба на акумулации се ограничени, стратешка определба е максимална заштита на тие простори со превземање на мерки кои ќе го спречат деградирањето на речните корита и со кои ќе се обезбеди заштита на сливното подрачје на акумулацијата.
- При дефинирањето на планскиот опфат на градот да се запази заштитниот појас околу акумулацијата почитувајќи го максималното ниво на водата, согласно Зконот за води.
- При обезбедувањето на потребните количини на вода градот Македонска Каменица, потребна е примена на активности за синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, штедење на водата преку нејзино планско и повеќекратно користење и примена на модерни технологии во управувањето со водоснабдителниот систем.

- Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување на градот да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во границите на заштитните зони;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица (идната) за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на градот.
-

***Енергетика:***

- Во границите на планскиот опфат на ГУП Македонска Каменица се наоѓа 110 kV трафостаницата Македонска Каменица. Низ опфатот минуваат: 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Кочани, 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Виница и 110 kV далновод ТС Македонска Каменица-ТС Делчево, така при изработката на урбанистичката и проектната документација треба да се почитува "Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV" (Сл.лист на СФРЈ бр.65/1988 год.).

***Домување:***

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето во Македонска Каменица во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Проекцијата на потребниот станбен простор за Виница -измена и дополна во планскиот период треба да се заснива на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25 м$^2$/жител станбена површина, 40-80 м$^2$/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции:***

- Организација на планираната мрежа на јавните функции, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно Просторниот план на Р. Македонија и под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

***Индустрија:***

- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и **поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
  Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
  **Доколку со планскиот опфат на ГУП на Градот Македонска Каменица се планираат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби за развој на индустријата утврдени со Просторниот план на Република Македонија.**
  **Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем.**

***Сообраќајна инфраструктура:***

- **Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.**
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.39/14 и бр.42/14).**

***Заштита на животната средина:***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Реката Каменица согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите

на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Природно наследство:***
- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр.39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план на град Македонска Каменица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на Генерален урбанистички план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Развој на туризам:***
- Предметниот простор за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 29 туристички локалитети**.
- Согласно **поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност,** за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности **да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Културно наследство:***
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничкио-технолошки катастрофи:***

- Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона на **8°** степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, поради што се сугерира задоволување на условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти;
- Задолжителна е примена на мерки за заштита од пожар:
- Градот Македонска Каменица за кој се изработува ГУП според степеност на загрозеност од воени разурнувања се наоѓа во простори со **висок степен на загрозеност.** Согласно со член 53 од Законот заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување.

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето***

*Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

**Образование**

Средно Вишо Високо

**Здравствена заштита**

2 Секундарна 3 Терцијална

**Оски на развој**

источна

југ-север

западна

јужна

северна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат


Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ


АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*


Тема:
*Заштита на животната средина*

## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Примено: 04. 08. 2014
Орг. единица | Бр. дел | Прилог | Вредност
09 | 857/4

Архивски бр. 15-6505/4

Дата: 31. 07. 2014

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**До:** **ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**Градоначалник**

**Предмет:** Достава

**Врска:** Ваш бр. 09-857/1 од 03.06.2014 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за Услови за планирање на просторот под бр. 15-6505/1 од 05.06.2014 год. за изработка на **Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица,** Ви го доставуваме Решението за Услови за планирање на просторот под бр. 15-6505/4 и Елаборатот за Услови за планирање на простророт со тех. бр. 22114 изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје.

Со почит,

**Министер**
**Nurhan Izairi**

Изработил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Виолета Дракуловска

**Прилог: - Решение за Услови за планирање на просторот бр.15- 6505/4**
**- Елаборат за Услови за планирање на просторот, тех.бр. 22114**

06.08.2014

09 857/5

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Општина Македонска Каменица, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**за Услови за планирање на просторот**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-6505/4
31. 07. 2014 20 ____ год.
СКОПЈЕ

1. Со ова Решение на Општина Македонска Каменица, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 200,4 ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. 22114** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14 ) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**Образложение**

Општина Македонска Каменица, врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.39/04), поднесе барање со бр. 15-6505/1 од 05.06.2014 год. за издавање Услови за планирање на просторот за иработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица. Површината на планскиот опфат изнесува вкупно 200,4 ха.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија преставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.весник на Република Македонија" бр.39/04), издава **Решение за Условите за планирање на просторот за изработка на Генаерален урбанистички план - ГУП за град Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица.**

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПОУКА:** Против ова решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова решението до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Министер**
**Nurhan Izairi**

Изработил: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил: Виолета Дракуловска